АГРОМЕХАНИКА
АД увоз-извоз - Скопје
Ул.„Скупи 20" бб, 1000 Скопје - пошт.фах 67

ЕДБ МК 4030003472346
Комерцијална Банка АД 300000001650685
ТТК Банка АД 290100000098404
Шпаркасе Банка АД 250000000092164
e-mail: agromeh@t-home.mk
тел. /факс. +389 2 3096 188; +389 2 3229 642

**Скопје 31.05.2012**

**Наш знак** 0501 - 281
**Објавата да излезе во весник**
**на 05.06.2012 година**

ДО
НОВА МАКЕДОНИЈА
С к о п ј е

Врз основа на член 375 и 385 од Законот за трговски Друштва и член 51 и 65 од Статутот на Друштвото за трговија и услуги АГРОМЕХАНИКА АД увоз извоз Скопје , Управниот одбор на АГРОМЕХАНИКА АД увоз извоз Скопје , објавува

**П О В И К**

за свикување на Годишно Собрание на Друштвото за трговија и услуги АГРОМЕХАНИКА АД увоз извоз Скопје , со следниов

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**I. Процедурален дел**

1. **Отварање на Собранието**
2. **Избор на работни тела**
   - **на Претседавач**
   - **Верификациона комисија**
   - **Бројач на гласови**
   - **Записничар**

**II. Работен дел**

1. **Разгледување и усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор на Друштвото за работењето во периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година.**
2. **Разгледување и усвојување на Извештајот од Управниот одбор на Друштвото за работењето во периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година .**
3. **Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2011 година.**
4. **Донесување одлука за покривање на Загубата по Годишна сметка за 2011 година.**

5. **Разгледување и усвојување на извештајот на Ревизорската куќа GRAND THORNTON ДОО Скопје за Годишната сметка за период 01.01.2011 до 31.12.2011 година.**
6. **Разгледување и усвојување на Годишниот извештај на Службата за Внатрешна ревизија на Друштвото за 2011 година.**
7. **Избор на Ревизор за Годишната сметка на Друштвото за период 01.01.2012 до 31.12.2012 година.**

Седницата ќе се одржи **на 29.06.2012 година (петок ) со почеток во 14,00 часот** во просториите на адреса Булевар Св.Климент Охридски бр.23-3/001 Скопје.

Вкупниот број на акции на Друштвото на денот на објавата на повиков изнесува 40.481 акција , од кои 35.234 обични акции со право на глас и тоа една акција еден глас и 5.247 сопствени акции - без право на глас.

Секој акционер кој има намера да учествува во работата на Собранието на Друштвото должен е да го пријави своето учество на Собранието ( пријава за учество на Собранието ) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание до архивата на АГРОМЕХАНИКА АД увоз извоз Скопје , Скупи бр.20 бб Скопје.
Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко лице или правно лице како полномошник на седницата на Собранието на Друштвото што ќе учествува и гласа на седницата во негово име .
Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното. Образецот на полномошното е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.
Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред , согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Согласно Законот за трговски друштва , акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акции со право на глас , можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки , доставени во писмена форма ( до Упраниот одбот на Друштвото) со приложено образложение за предложената точка , како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред , а сето тоа во рок од 8 (осум ) дена од денот на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.Друштвото преку свој овластен орган или застапник е должно да одговори на прашањата што му ги поставуваат акционерите.Правото да се поставуваат прашања од акционерите и обврската на друштвото да се одговори на поставените парашања може да биде

претходно условено од потребата да се потврди личниот идентитет на акционерите кои поставиле прашања , одржувањето на ред во заседавањето и

доверливоста во работењето и деловните интереси на друштвото.Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина.Прашањата поставени од акционерите се сметаат дека се одговорени ако одговорите се достапни на интернет страницата на друштвото во форма на прашање и одговор.Друштвото е должно одговорите на поставените прашања на седницата на Собранието на друштвото да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Материјалите што се подготвени , согласно дневниот ред , за седницата на Собранието и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик и можат да се превземат / разгледат на официјалната web-страната на Друштвото -www.agromehanika.eu.mk и во просториите на Дирекцијата на Друштвото.

Управен одбор на
АГРОМЕХАНИКА АД
увоз извоз Скопје
Претседател на Управен одбор
Мито Јовановски